- заеднички прооднитераси, пасажи .....20 %
- помошни простории,остава за гориво, котлара, визба ..... 30 %
- трафостаница35 Кв во И на двор од објектот .....30 %
- скалишен простор и заеднички комуникации 30%
- стражарници,управител, простории за домар .....……50 %
- паркиралишта и гаражи .....10 %

3.2.2.Деловни , јавни производн иобјекти

- простории ..... 100 %
- магацини .....50 %
- помошни простории, остава за гориво, котлара…..... ……..30 %
- трафостаница до 35 Кв во објектот и на двор од објектот…….....40 %
- скалишен процтор и заеднички комуникации ..... ……50 %
- паркиралишта и гаражи .....10 %
- лоѓија затворена од три страни ….....50 %
- подлоѓија затворена од две страни .....30 %
- балкони ,тераси ..... 40 %
- отворен наткриен процтор.....30 %

3.2.3 Други објекти

- катни гаражи .....20 %
- спортски покриени објекти.....50 %
- спортски откриени објекти ….....30 %
- бензински пумпи, гасни станици и базни станици, за 50% одлокација ……...100%
- отворени пазаришта- за 30% одлокацијата .....100 %
- базени ….....20%

трафостаници над 35 Кв….....100%

Исклучок од горенаведените проценти , за новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација , не се пресметуваат површините на :
- ѕидовите и други конструктивни елементи
- инсталационите канали
- окната на лифтови
- окна на врати и
- отворени паркиралишта

3.2.4Дефинирање на поедини нивоа во објектот без оглед за која намена ќе се користат

- ПОДРУМ: Претставува ниво на зградата кој е целосно вкопан во земјата или цоклата на приземјето е до 1 м над теренот. Кај закосените терени 65% од обиколните површини да се вкопани.
- СУТЕРЕН: Ниво на зградата чиј под се наоѓа на помалку од 1 м под теренот до висина на уреденият терен на пристапот - тротоарот. Кај закосените терени 35% од обиколните површини да се вкопани во теренот.
- ПРИЗЕМЈЕ: Ниво на зградата над подрумот или сутеренот или котата на подот да е на висина од 0,00 до 1,00 м над теренот во колку нема подрум или сутерен.
- СПРАТ: Ниво на зградата над приземјето.
- ПОТКРОВЈЕ: Ниво на зградата над последниот кат кое е делумно или во Целина изграден внатре во кровната конструкција и е наменето за становање или друга намена.

3.3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште за секој вид на сопственост и намена на објектот

3.3.1 Пресметка на трошоците

Трошоците за уредувањена градежното земјиште (ТУГЗ) по видови за нетокорисна површина се:

- Геодетски работи 3,6%.....……50,00 ден/м2
- Имотно-правни работи (експропријација) 15% …….....210,00 ден/м2
- Проектирање (ДУП) 6 %.....75,00 ден/м2
- Улична мрежа и тротоари 42,4%.....……610,00 ден/м2
- Водоводна мрежа 7%…..... 100,00 ден/м2
- Фекална канализација 8%.....110,00 ден/м2
- Електрична мрежа И трафостаници 8%.....110,00 ден/м2
- Одржување и други непредвидени трошоци 10% 135,00 ден/м2

Вкупно: 1.400,00 ден/м2

Цената на трошоците за уредување на градежно земјиште изнесува 1400,00ден/м2 за двострано поставени и уредени парцели наулица по м2 нето изградена површина за градба за домување.

Цената на трошоции за уредување на градежно земјиште во с. Јакимово, за индивидуална станбена градба, ќе изнесува 1000,00 ден/м2 корисна површина. Во останатите села надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврдува по донесувањето на деталните урбанистички планови.

Цената за уредување на градежно земјиште за локации каде што ќе се вршИ само делумно уредување на градежното земјиште ќе изнесува 70% од основната цена. Делот кој што ке се уредува ќе се дефинира прецизно во Договорите за степенот на уредување на градежното земјиште. Доколку градежното земјиште се уреди целосно , корисникот ќе биде

задолжен за доплата на останатиот дел од 30% од висината на надоместокот на денот на доплатата.

Наплатата за уредување на градежното земјиште ќе се врши по нето корисна површина во изградениот дел наградот, со критериуми утврдени во точка 4.3.2.

Цената на земјиштето во приватна сопственост, предвидено за експропријација ќе се одредува по Законот за експропријација. Максималната вредност ќе се пресметува према последната понудена и прифатена вредност на јавна лицитација при продажба на градежни парцели во државна сопственост по м2.

Висината на Трошоците за УГЗ во населените места се одредуваат со посебни акти.

3.3.3Критериуми за наплата на трошоците за Уредување на градежно земјиште (УГЗ)

Индивидуална станбена градба за домување

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се третира како минимум врз база на Условите за градба издадени од Одделението за урбанизам и урбанистичко планирање и проектната документација:

Вистинската нето корисна површина за доградени и надградени објекти ќе се утврди на база заверена проектна документација или на лице место од страна на надлежните органи.

Минималниот износ за наплата на ТУГЗ ќе изнесува 140.000,00 од градежна парцела.

Во колку инвеститорот при градбата на објектот изгради, дограде, надгради и сл. поголема површина од онаа за која е пресметано надомест за УГЗ, дополнително ќе биде задолжен за доплата по цена која важи на денот на уплатата а истата се регулира со Анекс договор. Во спротивно нема да му биде овозможен приклучок на вода, струја и др. согласно Законот за комунални дејности.

При рушење на стар објецт во кој се живеело до денот на градбата заради градба на нов објект, надоместот се пресметува 50% од трошоците за новоградба за делот што го

зафаќа стариот објект. За разликата во површината согласно Имотен лист се наплаќа 100% од предвидената вредност.

Надоместоците се уплатуваат со потребната документација од надлежните органи (локација, услови за градба, проектна документација и др.) после што се склучуваДоговор за уредување на градежното земјиште од заедничко користење.

Групирана станбена градба

- За групиранас танбена градба (станови) надоместот за УГЗ изнесува 1.900,00 ден за м2 нето корисна површина (НКП) пресметан спрема критериумите од точка 4.2.1 од програмата.

Деловен простор во приватна или групирана станбена градба

а) За деловен процтор во градското подрачје се плаќа, на едно ниво во состав на објектот.....2.400,00 ден/м2

- За деловен процтор во подрумски простории се плаќа..... 2.400,00 ден/м2

б) За деловни и угостителски објекти, стопански и индустриски објекти, настрешници и сл. во зоните и локациите предвидени за овој тип на објекти со ГУП и ДУП, надоместот за УГЗ се плаќа во зависност од нето површината на објектоти тоа:

- Деловни ,угостителски и објекти за услужни дејности 1.500,00 ден/м2 ,без разлика на површината која ја има просторот
- Стопански и индустриски објекти 6.000,00ден/м2, без разлика на површината која ја има стопанскиот објект
- Настрешници 4.000,00 ден/м2, без разлика на површината која ја има објектот

в) Деловни, трговски и угостителски објекти во с. Јакимово ќ еизнесува 1.400,00 ден/м2 ,додека во останатите села.....200,00 ден/м2

г) Надомест за времени објекти изнесуваат:

- на државно земјиште, месечно 100,00ден/м2

д) За пренаменанастанбенводеловенпростор, се доплаќаразликатавонадоместок за деловен и станбенпростор за нетокориснаповршина (НКП) согласноелаборатот за пренамена, регулирана со Анексдоговор. За пренаменанаподрумскипросторводеловенпростор се плаќасогласноточка (а).

ѓ) За деловни, индустриски, стопански објекти, настрешници и сл. (складови, производни капацитети, фарми и др.) вон градежен реон а за кои е обезбедена соодветна документација од надлежните министерства, ќе се плаќа 30% од висината на надомест предвиден во точката (в) поради делумно користење на постојната инфраструктура, а во случај на целосно користење на комунална инфраструктура на населено место ќе се плаќа 60% од предвидениот надоместок за комунално уредување. Уредување на земјиштето вон градежен реон ќе е на Товар на инвеститорот.

е) При изградба набензински и плински станици и друг отворен процтор наменет за стопанисување како нето површина ќе се смета вкупната површина за опслужување .

ж) Надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба фотонапонски панели да изнесува 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент 0,01, за 50% од површината на градежната парцела.

Кон реализација на нова комунална инфраструктура (за ново формирани градежни реони) на одредени улици, населби и локации, ќе се пристапи откако ќе се обезбедат над 60% од сретствата за надомест од сопствениците на локациите.

Висината на надоместокот за комунално уредување може да се корегира за одредени урбани блокови, во зависност од тоа колку ќе изнесуваат трошоците за инфраструктура и евентуалните експропријации на градежно земјиште, кое ќе биде донесено со посебна одлука од Советот на Општина Виница.

3.4Посебни одредби

Со советите на месните заедници се усогласуваат критериумите за наплата на ТУГЗ во населените места.

Од плаќање на ТУГЗ се ослободуваат водоводна мрежа, канализациона, патна, електрична мрежа.

За потикнување на развојот и изградба на стопанскио бјекти не се плаќаат ТУГЗ во следните населени места : Лаки, Липец, Црн Камен, Пекљани, Крушево, Драгобраште, Трсино, Трстија, Грљани и Калиманци.

Граѓани (жители на Виница) чии семејства се со нерешено станбено прашање, а се корисници насоцијална помош и сл. може да бидат ослободени (делумно или целосно) од плаќање надомест за комуналии со одлука на Советот на Општина Виница.

3.5. Легализација на бесправно изградени објекти надвор од ГУП и ДУП

При пресметувањето на надоместокот за легализација на бесправно изградени објекти надвор од ГУП и ДУП се земаат следните цени :

- Индивидуални станбени згради, викендиции сл. 1 евро/м2
- Стопански и индустриски објекти, настрешници.....150 ден/м2
- Деловни, тргоски, угостителски и услужни дејности 300 ден/м2

4. Извори на сретства за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште иизградба на комуналната инфраструктура

4.1 Општински приходи

- Комуналии (уплата на ТУГЗ) и легализација на бесправно изградени објекти, продажба на градежно земјиште.....**108.265.00 ден**

Вкупно108.265.000 ден

4.2 Очекувани приходи

а) Министерство за транспорт и врски

-Улица во с.Јакимово…….....**6.000.000 ден**- Реконструкција локален пат Блатец - Р1304 фаза 2.....**22.000.000 ден**

- Локален пат Трсино Голак.....**22.000.000 ден**

б) Агенција за државни патишта

- улици во Општина Виница..... **3.500.000ден**

в) Влада наРепублика Македонија

- Чистење на реки..... **1.000.000 ден**

г) Министерство за животна средина и Швајцарска амбасада

- Приоритетен проект од форум на заедници…….....….....**3.000.000ден**

-Фекална канализација с.Липец.....**15.000.000 ден**

д) Агенција за фин. Подршка на рурален развој

- Лок. пат В. Кршла м.в Почивало-Газарци Л=1.300 .....**1.000.000 ден**

- Изработка на урб. Планови.....**2.000.000 ден**

ѓ)Министерство за локална самоуправа

Фотоволтаици,.....**3.000.000ден**

-Реконструкција на кино сала.**13.000.000 ден**

-Термоизолациона фасада на општинска зграда и лифт..... **12.000.000 ден**

-Осветлување на Градски парк…… **6.000.000 ден**

е) Министерство за животна средина

Регулација на Градечка река.....**5.000.000 ден**

Регулација на Виничка река.....**3.000.000 ден**

ж) ИПА фондови

- Фекална и атмосферска канализација Маршал Тито, Партизанска, Кеј 30-ти август, Илинденска.....**5.000.000 ден**

-Медијатека С.Стоименски.....**300.000 ден**

…….

вкупно :122.800.000 ден

СЕ ВКУПНО 4 :231.065.000 ден

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница ”.

Број 09-1079
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

354

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за урбанистичко планирање во општина Виница за 2024 година

1.Се објавува Програмата за урбанистичко планирање во општина Виница за 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1080/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02“), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на Општина Виница на 26-та седницата одржана на ден 25.12.2023 година, година донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

Програмата ги содржи планиранитеи веќе започнатите активности во областа од урбанизамот од 2023 година и наредната 2024 година како детални урбанистички планови, урбанистички планови за села,

урбанистички планови вон населени места и урбанистички проекти.
Со програмата се утврдуваат:
1. Активности од областа на урбанистичкото планирање во ОпШтината
2. Локалитети и објекти за уредувањево 2024 година
3. Извори на средства за финансирање на активностите
Програмата ја дефинира изработката на урбанистички планови и урбанистички проекти (ДУП, УПС, УПВНМ, УПВОУП) кои се во тек на изработка и се планирани да бидат изработени за 2024 година

1. Активности од областа на урбанистичкото планирање во ОпШтината

1.ВОВЕД
Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Виница за 2023 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови (Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село и Урбанистички план за воннаселено место, Урбанистички проекти) согласно чл. 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник 32/20). Таа претставува и основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е дел од потребната документација за добивање на Согласност на изработените урбанистички планови од Министерството за транспорт и врски.
2. Планирани активности
I-Детални урбанистички планови во градот Виница:
Блок 11,
Останати урбани подрачја од:
- Блок 7 дел 1, , Блок 9 дел 4, Блок 15 дел 5 и 6, Блок 16 дел 1 и 4, Блок 17 дел 2, 3 и 4, Блок 9 дел 1, Блок 16 дел 1, Блок 1, Блок 5, Блок 10, Блок 13, Блок 14, Блок 19, Блок 20,

Во тек на изработка се Детални урбанистички планови од Програмата за 2023 година:
- Блок 3, Блок 7 дел 2, Блок 8 дел 1 и 2, Блок 18 дел 1, 2 и 5, Блок 15 дел 3

II- Урбанистички планови за село
Урбанистички план за село Липец, село Пеклани, село Крушево, село Драгобраште, село Црн Камен и село Грлани
Во тек на изработка се Урбанистички планови за село од Програмата за 2023 година:
Урбанистички план за с.Градец;
Урбанистички план за с. Лески;
Урбанистички план за с.Истибања;
Урбанистички план за с.Блатец;
Урбанистички план за с.Лаки;
Урбанистички план за с.Трсино;
III-Урбанистички планови вон населено место, урбанистички проекти за вон опфат на урбанистички план и др.видови на УП:
-УПВНМ за стопански комплекс-Фабрика со придружни објекти и бушотина за вода, со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, во м.в. Скараница на КП бр. 2572/2 КО Блатец, (1.7 ха);
-УПВНМ за стопански комплекс-Фабрика со придружни објекти со класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија, во м.в. Габер на КП бр. 6640 КО Блатец, (2.8 ха).
-УПВНМ за фотоволтаични системи во с.Виничка кршла;
- УПВНМ за Туристичка викенд зона локалитет м.в.,,Маринково,,
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на отворен канал за регулирање на Кајанечки Дол во с.Истибања, со намена Е1.11-Инфраструктури за одводнување, КО Истибања, Општина Виница

Во постапка од Програмата за 2023 година се останати:
-УПВНМ за рибарник со објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени, Д3-спорт и рекреација, А4-времено сместување во м.в Горна Осојница КП бр. 5121/1 и дел од 6757 КО Блатец
- УПВНМ закомунална супраструктура-Полигон за обука на возачи м.в. Скараница КП бр. 343, 344, 345 и 347;
-УПВНМ за стопански комплекс со класа на намена Г2 Лесна и незагадувачка индустрија за производство на градежни материјали м.в. Панек КП бр.7794/1 и дел од КП бр. 8018 КО Виница;
-УПВНМ за Г2-лесна и незагадувачка индустрија-Винарија со придружни содржини м.в. Долно Поле, КП бр. 2466, 2467;
- УПВНМ за стопански комплекс Г2 лесна и незагадувачка индустрија м.в. Скараница, Јаребинац и Севровица, КО Блатец;
- Урбанистички план вон населено место за м.в.Скараница, КО Блатец, Општина Виница

Урбанистички проекти од програмата за 2023 година:

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.6 - Големи сали, хали, складови и магацини за потребите на трговијата, на КП 2538, КП 2542, дел од КП 2543, дел од КП 2544 и дел од КП 2545, КО Истибања, Општина Виница

-Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1-локални депонии за одлагање на неопасен отпад депонија за комунален отпад во Општина Виница

-Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во општина Виница, КО Истибања, општина Виница, со тех. бр. Ф0522

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 за изградба на таложница за предтретман на отпадни води на фекална канализација за с.Липец, КО Липец

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 за изградба на Прочиситална станица за отпадни води за с. Блатец, КО Блатец

Завршени урбанистички планови и урбанистички проекти во 2023 година

-Урбанистичкиот проект со план за парцелација со намена Г2 - спојување на градежни парцели за стопански и индустриски намени на дел од КП 9132/5, дел од КП 9132/10, КП 11469/4, и КП 11469/5, КО Виница, Општина Виница

- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација за ГП 1.111 и 1.112, по член 63, став (3), формирани со ДУП за Блок 6 дел 1, 3 и 4 , со намена А1-домување во станбени куќи, град Виница

- Урбанистички проект за парцелација за ГП 1.114 и ГП 1.115, по член 63, став (3), формирани со ДУП за Блок 6 дел 1, 3 и 4 за град Виница, со наменаА1-домување во станбени куќи

-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г5 ЗЕМЈОДЕЛСКО И СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО (РИБНИК СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ), НА КП 693/2, ДЕЛ ОД КП 693/26, ДЕЛ ОД КП 693/10 И ДЕЛ ОД КП 693/1, КО ЛАКИ, ОПШТИНА ВИНИЦА

3. Финансирање

За финансирање на урбанистичките планови од програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Виница, од Буџетот на РСМ и по пат на самофинансирање од страна на заинтересираните лица.

4. Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да се измени и дополни.

Врз основа на оваа годишна програма за изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на соодветен план со правни лица кои имаат лиценца за изработка на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1080
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

355

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за повлекување на 7-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 7-та точка од Дневниот ред: Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Виница, донесен на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1081/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 7-та точка од Дневен ред

1.7-та точка Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Виница, се повлекува од Дневниот ред на 26-та седница на Советот.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1081
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

356

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за повлекување на 8-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 8-та точка од Дневниот ред: Предлог-Програма за комунални дејности на општина Виница за 2024 година, донесен на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1082/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 8-та точка од Дневен ред

1.8-та точкаПредлог-Програма за комунални дејности на општина Виница за 2024 година, се повлекува од Дневниот ред на 26-та седница на Советот.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1082
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

357

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за активностите на Општина Виница во областа на заштитата на животната средина во 2024 година

1.Се објавува Програмата заактивностите на Општина Виница во областа на заштитата на животната средина во 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1083/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 22, став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02“), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на Општина Виница на 26-та седницата одржана на ден 25.12.2023 година, година донесе:

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Виница во областа на заштитата на животната средина во 2024 година

I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Стратешка цел на програмата:

Програмата на Општина Виница за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Општа цел на програмата:

-Да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина;

-Прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница.

-Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината;

-Донесување/спроведување на краткорочни мерки за заштита на амбиенталниот воздух при алармантни состојби;

-Систематизирано спроведување и подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината.

II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активностите на Општина Виница во областа на заштитата на животната средина во текот на 2024 година ќе бидат насочени кон:

1. **Донесување/спроведување на краткорочни мерки за заштита на амбиенталниот воздух при алармантни состојби (препораки од Влада на Р. С. Македонија)**
   1.1.Предлог локални вонредни мерки за намалување на емисиите во ситуација на епизоди со високи концентрации на загадувачки супстанции.

   (Конкретни мерки за постапување при алармантни состојби)

   1.1.1.Сообраќај

-поголемо ограничување на брзината на локалните и регионалните патишта;

-ограничувања на сообраќајот врз основа на: тип на возило (товарни возила, приватни возила) возила со парни или непарни регистарски таблички, емисии од возилата;
-чистење на улиците и пешачките површини;
-прскање на улиците во надлежност на Општината со калциум магнезиум ацетат;
-доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот;
-градежните машини (багери, булдожери, виљушкари) да се пренесат до градилиштата до 7:30 часот;

1.1.2.Други мерки и препораки

-ограничување емисии од стационарни извори;
-зголемени инспекциски контроли на А и Б-ИСКЗ инсталации ;
-зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, објектите и индустриските и занаетчиските постројки;
-зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла;
-термичка изолација на зградите, јавните и деловни објекти (енергетска ефикасност);
-користење вода за намалување на прашината при градежни активности (прскање, миење гуми пред излез од градилиште итн.);
-ограничување на градежните активности на објектите во надлежност на општината;
-да се зголемат и спроведат вонредни инспекциски контроли на градилиштата;
-доброволно ограничување на горење дрва;
-доброволно ограничување на греењето;

1.1.3 Препораки до граѓаните

- возилата да не се користат без потреба
- повеќе лица да се возат во едно возило
-за затоплување на домовите да не се користат отпадни материјали, прегорено машинско масло, лакирани и обоени отпадоци од дрво, стиропор, ПЕТ амбалажа, гуми и каков било синтетички материјал
- да се користи суво и чисто дрво без примеси од земја и од отпадоци
- печките на дрво да се користат и одржуваат според упатствата на производителот
- редовно да се чистат оџаците.

2. Управување со отпад и селекција на отпад

Целта на оваа активност е реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад. Планирани активности се приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад како и затварање на градската нестандартна депонија. Очекувани резултати се подобрена услуга во управувањето со отпадот. Имплементација на активноститеќе се одвива согласно барањата на Североисточниот плански регион.

Општина Виница согласно Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21) е должна до обезбеди услови со кои ќе се регулира спречувањето, намалувањето, селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и комерцијалниот отпад. Од тие причини потребно е општината да склучи договори со овластени постапувачи со отпад со чии услуги ќе се обезбедат услови за исполнување на законските обврски. Целта на оваа активност е воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема. Планирани активности се склучување на договори со овластени постапувачи со отпад и зголемување на бројот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации запоставување на истите за постапување со хартија, ПЕамбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема.

Акции за чистење на градот- Учество во акции за расчистување на диви депонии и локации претходно мапирани од страна на општината. Учество во акција Генералка Викенд во соработка помеѓу Мен Енд Маунтен, Пивара Скопје и Пакомак, поддржано од Шпаркасе Банка и Нула Отпад, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Изработка на документација во врска со заштита на животната средина

Изработка на документација за заштита на животната средина, односно Елаборати за заштита на животната средина, Студии за оцена на влијание на проект врз животната средина и Стратешка оцена на влијание врз животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација. Планираните активности ќе се реализираат преку спроведување на постапка за јавна набавка и склучување на договор со консултантски фирми.

4. Засадување на хибридни садници на територија на општина Виница

Засадување на хибридни садници на територијата на Општина Виница. Во дел од акциите ќе бидат вклучени здруженија на граѓани и невладини организации. Целта е збогатување со зелена маса како природен прочистувач на воздухот,природна звучна бариера,разубавување и подобар естетски/пејсажен изглед на градот. Садниците ќе бидат обезбедени од страна на општина Виница.

5. Заштита на водите

Чистење на речните корита од наноси, се врши уредување на истите и се врши заштита од поткопување на кејските ѕидови и мостовите. На местата мапирани како критични точки кои можат да предизвикуваат поплави ќе се врши проширување, чистење, регулација и стабилизација на реките.

	Проект	**Предвидени средства од Програмата за животна средина (мкд)**
	Заштита на животната срединаи природа	
1	Изработка на документација во врска со заштита на животна средина	**300.000,00ден.**
2	Засадување на хибридни садници и оджување на зеленило	**500.000,00ден.**
3	Заштита на водите и чистење на речните корита	**1.405.000,00 ден.**
	Вкупно:	**2.205.000,00ден.**

ФИНАНСИРАЊЕ

III. Предвидените проектни активности во рамки на оваа програма се со вкупна вредност од **2.205.000,00ден.**

Овие **2.205.000,00ден.** ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Виница за 2024 година.

IV. Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“, а ќе се применува од 01.01.2024 год.

Број 09-1083
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски
358

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Програма за култура и спорт
на Општина Виница за 2024 година

1.Се објавува Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1084/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 29/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016; 11/2018 и 11/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Советот на Општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе :

ПРОГРАМА
за култура и спорт на Општина Виница за 2024 година

I ВОВЕД

Со Програмата за активности на Општина Виница во областа на културата и спортот се предвидува локалниот интерес во културата , соодветен на специфичноста и развојните потреби на локалната заедница, се предвидуваат нејзините цели, активности и висина на средствата за нивна реализација.

Програмата е во функција на подобро планирање и остварување на локалниот интерес во културата, во насока на институционална и финансиска поддршка на културните установи и независните проекти, негување и зачувување на обичаите и фолклорот, организирање на културни манифестации и поттикнување на разни форми на творештво.

II ЦЕЛИ

Програмата ги дефинира целите на културната политика на Општина Виница, кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно , тие да се во функција на културен развој на општината во 2024 година:

- Подршка и промоција на културното наследство и творештво
- Квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата и разновидна програма за сите возрасти
- Стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти
- Организирање и поддршка на разни спортски активности и манифестации од значење на општината
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од државата и странство
- Унапредување на меѓународна културна кумуникација врз реципрочна основа со збратимените општини
- Презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност
- Одбележување јубилејни настани и значајни датуми
- Достапност на културните добра и вредности до граѓаните
- Афирмација на културните разноликости на припадниците на етничките заедници
- Вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори

ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА НАСТАНИ, МАНИФЕСТАЦИИ И АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ ВО ОПШТИНА ВИНИЦА

Манифестации, празници и настани	Активности	Носители на активности	Извори на средства	
			ЕЛС	Други извори на средства
Водици	Подарок за лицата кои ќе го фатат крстот	Општина Виница	30.000,00	
30 Јануари Спортска манифестација „Спортски асови“	Избор на спортисти за изминатата година, најуспешен спортски клуб	Општина Виница	30.000,00	
21 февруари- настан	Избор на најдобра поетска творба	ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“	6.000,00	
4 Март- настан	Оддавање почит на Капетан Кирчо Димитров	Општина Виница	2.000,00	
8 Март - празник	Посета и доделување на подароци на домакинки, мајки,	Општина Виница во соработка со организации	8.000,00	
Тодорови трки-манифестација	Спортска манифестација	Општина Виница	60.000,00	
21 Март-настан	Одбележување на денот на пролетта и засадување на дрвца	Општина Виница	20.000,00	
1 Април-априлијада Манифестација	Априлијада на плоштад „Ангел Винички“	Општина Виница	20.000,00	
8 Април- празник	Одбележување Ден на ромите	Општина Виница	25.000,00	
23 Април - настан	Промоција на книга на локален автор	Општина Виница во соработка со ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“	10.000,00	
Ден на музеите 18 мај	Активност на Музеј Теракота	Општина Виница	10.000,00	
24 мај- празник Ден на просветните работници	Посета на најстари просветни работници од општина Виница	Општина Виница	10.000,00	
Крај на месец мај	Бал на матгурани на плоштад „Ангел Винички„	Општина Виница и СОУ „Ванчо Прке„	10.000,00	

10 јуни	Прием на најдобри ученици, постигнати резултати од државен натпревар, најдобри 5 од гимназијата	Општина Виница		
13 јули, Павловден	Одржување литија, Свечена седница на Советот на Општина Виница,целодневна програма и музички настап на плоштад „Ангел Винички“	Општина Виница	300.000,00	
Иселеничка средба (август 2024)	Црква „Св. Спас“ – Драгобраште – собир на иселениците од општина Виница	Општина Виница, Бизнис Сектор	50.000,00	
30 август - Ослободување на градот-манифестација	4 дневна програма Чупино траил, 28 август село Блатец, 29 август село Јакимово,30 август музички хепенинг на плоштад „АНГЕЛ Винички“	Општина Виница	600.000,00	
1 септември - настан	Свечен прием на првоодделенците, поклон за секое прваче	Општина Виница	10.000,00	
6-12 септември 39-ти МФФ Истибањско Здравоживо 2024	Меѓународен фолклорен фестивал	Општина Виница Министерство за култура	500 000	
5 октомври- настан	Прием на пензионирани наставници	Општина Виница	10.000,00	
Крај на октомври почеток на ноември	Фестивал на хумор и сатира Дом на култура „Тошо Арсов“	Општина Виница и Дом на култура	60.000,00	
3 декември- настан Меѓународен ден на лицата со попреченост	Активносто за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со	Општина Виница, Дневен центар за згрижување на лица со попреченост,	10.000,00	

	попреченост	Дом на култура		
25-30 Декември Новогодишен хепенинг	Пакетчиња за првооделенци	Општина Виница	50.000,00	
Промоција на книга	Активност на Музеј Теракота	Општина Виница	50.000,00	
Изложби - 2	Активност на Музеј Теракота	Општина Виница	20.000,00	
Концерт на Виничко Кале	Активност на Музеј Теракота Концерт на Виничко Кале во соработка со нижо музичко училиште од Кочани	Општина Виница	70.000,00	
Прослава за постоење 90 години СЛОГА Виница	Јубилеј, натпревари и изложба	Општина Виница ФК „Слога“	250.000,00	

Забелешка: Вкупен буџет за реализирање на програмата 2 221.000,00 денари.
Општина Виница ќе учествува и во финансирање на проекти кои се поднесени од страна на локалните установи од културата на годишниот конкурс за проекти од национален интерес во културата за 2024 година, доколку проектите бидат изберени од Министерството за култура.
Општина Виница ќе учествува и во финансирање на проекти поднесени од здруженија на граѓани, установи и физички лица доколку се во делокругот на целите на оваа предлог – програма и се од значаен карактер за развивање на културниот и спортскиот живот на локално ниво.
Поддршката на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата. Според сознанијата и искуствата потребно е подиректно вмрежување на овие институции со цел нивните вредности кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината.
Општината во рамки на своите надлежности ќе биде во тесна соработка со Музеј „Теракота“, Домот на култура „Тошо Арсов“, ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ и други установи, со цел богатството од многуте културно- историски споменици биде подостапно на граѓаните на општината, бидејќи истите по наше убедување се најдобриот промотор на културниот капацитет на општината.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1084
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за образование за 2024 година

1.Се објавува Програмата за образование за 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1085/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 157 и член 158 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), член 101 и член 101-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), Советот на Општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за образование на Општина Виница се:

- Подобрување на условите за реализација на воспитно - образовниот процес во Општинските основни училишта и Средното општинско училиште
- Планирање на развој на образованието во Општина Виница
- Подобрување на инфраструктурата на училишните објекти во основно и средно образование
- Промовирање и поддршка на успешни поединци и добри образовни практики
- Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во рамки на законските можности
- Безбедни училиштата
- Активен придонес од страна на Советот на Општина Виница кон задоволување на потребите и интересите на учениците (девојчињата и момчињата), жените и мажите од областа на образованието

Програмата за образование е родово одговорна. При нејзината изработка и планирање на активностите кои се дел од оваа Програма, се земаат предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на учениците, девојчињата и момчињата како и наставниот и ненаставниот кадар - жените и мажите а подеднакво планирајќи ги и одговарајќи на потребите на учениците - девојчињата и момчињата со посебни образовни потреби.
На овој начин Општина Виница покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политики и следствено – родово одговорно буџетирање, преку транспарентно и одговорно споделување на активностите и резултатите со јавноста.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Виница во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на Програмата за образование за 2024 година и тоа:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на воспитно - образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието
- Активности кои придонесуваат за личен и психофизички развој на учениците и ученичките
- Развивање на соработки и размена на искуства за креативен развој на учениците и ученичките
- Активности во насока на подобрување на мирот и безбедноста во училиштата
- Активности за социјализација на учениците и ученичките и дружење

Р.бр.	**АКТИВНОСТ**	**Предвидени средства**	**Вкупно средства**
1.	**Финансиска поддршка за секое прваче (момче и девојче) запишано во учебната 2024/25 година**	**3000 мкд**	**360 000 мкд**
2.	**Обезбедување на награди за ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во основините училишта**		**50 000 мкд**
3.	**Обезбедување на награди за ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во средното училиште**		**50 000 мкд**
4.	**Обезбедување на награда за ученик/ученичка на генерација во основните училишта**	**6000 мкд**	**24 000 мкд**
5.	**Обезбедување на награда за ученик/ученичка на генерација во средното училиште**	**6000 мкд**	**6000 мкд**
6.	**Општински волонтерски акции за учениците/ученичките од основните училишта и средното училиште**		**60 000 мкд**
7.	**Активности согласно**		**30 000 мкд**

	Акциониот План на Општинско Стручно тело за подобрување на безбедноста во училиштата		
8.	**Општини по мерка на децата (момчиња и девојчиња) Креирај подобро место за растење**		**150 000 мкд**
9.	**Обезбедување на Новогодишни пакетчиња за ученици/ученички во прво одделение**	**200 мкд**	**24 000 мкд**
10.	**Зелени училишта - 22 Април ден на планетата Земја**		**30 000 мкд**
11.	**Осветлување на спортските игралишта во основните училишта**		**донација**
12.	**Осветлување на спортската теретана за млади на отворено**		**донација**
	ВКУПЕН БУЏЕТ:		**784 000 мкд**

Опис на активностите:

1. Финансиска поддршка за секое прваче (момче и девојче) запишано во учебната 2024/25 година
Општина Виница ќе обезбеди еднократна финансиска поддршка од 3000 мкд за секое запишано прваче (момче и девојче) во основните училишта на територијата на Општина Виница
Временска рамка: септември – октомври 2024
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 360 000 мкд
2. Обезбедување на награди за ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во основините училишта
Општина Виница ќе обезбеди награди ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во основните училишта на територијата на Општина Виница
Временска рамка: континуирано во 2024 година
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 50 000 мкд

3. Обезбедување на награди за ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во средното училиште

Општина Виница ќе обезбеди награди за ученици и ученички кои освоиле прво место на Државен натпревар во средното училиште на територијата на Општина Виница
Временска рамка: континуирано во 2024 година
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 50 000 мкд
4. Обезбедување на награда за ученик/ученичка на генерација во основните училишта
Општина Виница ќе обезбеди награди од 6000 мкд за ученик/ученичка на генерација во основините училишта на територијата на Општина Виница
Временска рамка: Мај - Јуни 2024
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 24 000 мкд
5. Обезбедување на награда за ученик/ученичка на генерација во средното училиште
Општина Виница ќе обезбеди награди од 6000 мкд награди за ученик/ученичка на генерација во средното училиште на територијата на Општина Виница
Временска рамка: Мај - Јуни 2024 година
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 6000 мкд
6. Општински волонтерски акции за учениците и ученичките од основните училишта и средното училиште
Општина Виница ќе обезбеди кофинансирање заедно со училиштата на територијата на Општина Виница и донатори, со финансиска поддршка за промоција на волонтеризмот и реализирање на волонтерски акции од страна на учениците и ученичките од Општинските основни училишта и подрачните основни училишта како и средното општинско училиште, преку подготвени апликации од учениците/ученичките
Временска рамка: Октомври - Декември 2024 година
Одговорно одделение : одделение за јавни дејности и одделение за финансии
Буџет: 60000 мкд
7. Активности согласно Акциониот План на Општинско Стручно тело за подобрување на безбедноста во училиштата
Согласно Акциониот План за активности на Општинското Стручно тело за подобрување на безбедноста во училиштата за учебна 2023/2024 година, Општина Виница ќе учествува логистички во обезбедување на услови за реализација на активностите зависно од потребите како и активно учество во истите.
Временска рамка: Континуирано
Одговорно одделение: 30 000 мкд
8. Општини по мерка на децата (момчиња и девојчиња) - Креирај подобро место за растење
Општина Виница учествува во реализација на тригодишен Проект „Општини по мерка на децата“ во соработка со Прва детска Амбасада во светот „Меѓаши“ и КМОП (Центар за семејно и детско згрижување) финансиран од ЕУ.

Проектот има за цел да ги зајакне напорите на локалните самоуправи за промовирање на правата на децата (момчињата и девојчињата) и нивно вклучување во локалното планирање.
Активностите на општинско ниво ќе се одвиваат согласно проектните активности, планирани во Проектот од страна на Меѓаши и КМОП.
Временска рамка: Континуирано
Одговорно одделение: одделение за јавни дејности и одделение за финансии
Буџет: 150 000 мкд
9. Обезбедување на Новогодишни пакетчиња за ученици/ученички во прво одделение
Општина Виница ќе обезбеди Новогодишни пакетчиња од 200 мкд за секое запишано прваче (момче и девојче) во основните училишта на територијата на Општина Виница
Временска рамка: Декември
Одговорно одделение: одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 24 000 мкд
10. Зелени училишта - 22 Април ден на планетата Земја
Општина Виница ќе обезбеди дрвца за засадување, за секое училиште на територијата на Општина Виница.
Временска рамка: март-април 2024
Одговорно одделение : одделение за финансии и одделение за јавни дејности
Буџет: 30 000 мкд
11. Осветлување на спортските игралишта во основните училишта
Поддршка во обезбедување на ЛЕД рефлектори од страна на Општина Виница во осветлување на спортските игралишта во основните училишта.
Временска рамка: Континуирано 2024
Одговорно одделение : Одделение за јавни дејности
Буџет: Донација
12. Осветлување на спортската теретана за млади на отворено
Поддршка во обезбедување на ЛЕД рефлектори од страна на Општина Виница во осветлување на спортската теретана за млади на отворено
Временска рамка: Континуирано 2024
Одговорно одделение : Одделение за јавни дејности
Буџет: Донација

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Училиштата планираат и реализираат содржини за работа согласно насоките од Биро за Развој на Образованието и Министерство за Образование и Наука (МОН), финансиски покриени согласно блок дотациите добиени со посебна формула од МОН како и со активности кои се планираат и реализираат преку проекти во кои се вклучени или аплицираат училиштата.
Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Виница за 2024 година.
Во текот на реализацијата на Програмата за образование на Општина Виница за 2024 година, доколку се јави потреба, може да се врши прераспоредување на предвидените средства од една во друга позиција.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за неусвојување на Програма за реализирање на проект Фестивал на уличен театар Баскерфест и одобрување финансиски средства за 2024 година

1.Се објавува Одлуката за неусвојување на Програма за реализирање на проект Фестивал на уличен театар Баскерфест и одобрување финансиски средства за 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1110/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА

За неусвојување на Програма за реализирање на проект Фестивал на уличен театар Баскерфест за 2024 година

Член 1

Не се усвојува Програмата за работа за реализирање на проект Фестивал на уличен театар Баскерфест за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1110
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

385

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОО на СБМ Виница и одобрување финансиски средства за 2024 година

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ОО на СБМ Виница и одобрување финансиски средства за 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1111/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Програма за работа на ОО на СБМ - Виница и одобрување финансиски средства за 2024 година

Член 1
Се усвојува Програмата за работа на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија - Виница за 2024 година.

Член 2
За реализирање на активности предвидени во Програмата за работа на ОО на СБМ - Виница за 2024 година, се одобруваат финансиски средства во висина од 30.000,00 денари.

Член 3
Одобрените финансиски средства да се преведат на сметка на ОО на СБМ - Виница, број 200000002016428 Стопанска банка.

Член 4
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1111
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

386

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Барање од МЗ Блатец за реализирање на проекти во 2024 година

1.Се објавува Одлуката усвојување на Барање од МЗ Блатец за реализирање на проекти во 2024 година, донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1112/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019“), а по Барање број 10/23 од 13.12.2023 година, Наш број 09-1025 од 13.12.2023 година, Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Барање од МЗ Блатец, за реализирање на проекти во 2024 година

Член 1
Се усвојува Барањето од Месна заедница Блатец, за реализирање на проекти во 2024 година и тоа:
1.Довршување на канализацијата во Блатец,
2.Целосно довршување на новиот водовод и ставање во негова функција,
3.Асфалтирање на Голов сокак и поврзување со асфалт до улицата кај Спирко Момчилов со претходно поставување на подземна инфраструктура (Канализациона и водоводна),
4.Набавка на бекатон со површина од 1000 м2 и негово поставување на дел од улиците во Блатец,
5.Бекатон со површина од 50 м2 за Манастирот „Св.Ѓорѓи“,
6.Отпочнување со изградба на Прочистителна станица на канализационата мрежа,

7.Канализирање на јазот покрај гробиштата заради заштита на асвалтниот пат од поткопување од водите.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1112
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

387

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024 година (Стручен Елаборат)

1.Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024 година (Стручен Елаборат), донесена на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1113/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 14 став 2 и член 11 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на РМ број 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016“), член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2024 ГОДИНА (СТРУЧЕН ЕЛАБОРАТ)

Програмата се донесува согласно член 14, став 2 и член 11 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на Р.М. 66/2004, 139/2008, 99/2009,149/2014, 150/2015 и 37/2016“) и член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.5/2002“).

Целта на ова Програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Виница.
Со Програмата се утврдени активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки.
Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.
Општите мерки и активности ги организира и следи Локалната самоуправа, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани. /ПО-Виница.
За заштита на населението од заразни болести, во 2024 година ќе се спроведат следниве општи мерки:
1.Обезбедување на безбедна вода за пиење,
2.Обезбедување на исправна вода во Градскиот базен,
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна,
4.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи,
5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување,

6.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини,
7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

I. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење.

Една од приоритетните задачи на Општина Виница е да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

1.1. Водоснабдување од Градскиот водовод - Виница

Согласно Одлуката за Комунален ред, организираното водоснабдување на гротo од населението во Општина Виница се врши преку Градскиот водовод - Виница.
За обезбедување на безбедна и достапна вода за пиење на населението што го користи Градскиот водовод во 2024 година ќе се спроведат следните активности за зголемување на капацитетот и подобрување на квалитетот и безбедноста на водата:

- проширување на таложникот кај зафатот на Градечка река-веке во завршна фаза;
- изградба на четврто филтерско поле во фабриката за преработка на суровата вода;
- таложење на водата од испирањето на филтрите и рециркулација на декантираната вода во водоснабдителниот систем;
- започнување на дел од делницата за поврзување на с. Лески на Градскиот водовод; завршен
- сочувување на квалитетот и намалување на големите загуби на вода за пиење со замена на азбестнитецевки во мрежата со полиетиленски;
- продолжување со замената на старите улични вентили со нови;
- продолжување со поставувањето на нови електронски водомери со модул за далечинско читање;
- поставување на опремата на бушотина во паркот, за наводнување на зеленилото во паркот, базенот и игралиштето и градба на нови бушотини за техничка вода;
- поставување на мерачи на проток со електронско следење, како сегмент на СКАДА системот за навремено откривање на дефекти и нелегално користење на водата;
- редовен мониторинг на состојбата на водоводните објекти и здравствената исправност на водата и информирање на корисниците за квалитетот и безбедноста на водата;
- изградба на пречистителна станица за вода во с.Трсино-изградена и пуштена во употреба

Верификацијата на квалитетот и исправноста на водата за пиење од Градскиот водовод и информирањето на корисниците за квалитетот на водата ќе го спроведува територијално надлежниот Центар за јавно здравје.
Мониторингот ќе се спроведува еднаш неделно на 6 примероци вода, и тоа: по еден примерок сурова и пречистена вода и 4 примероци од водоводната мрежа.
Еднаш месечно ќе се испитува и водата од селскиот водовод во с. Јакимово, кој во летниот период ќе ја користи локалната бунарска вода.

1.2. Водоснабдување од други јавни водоснабдителни објекти

Редовната контрола на квалитетот на водата во ридско-планинските населби упатуваат дека не се обезбедуваат потребните количини на безбедна и достапна вода за пиење, а пред се на жителите во селата Трсино, Трстија и Крушево.
Ставањето на јавните водоснабдителни објекти во ридско-планинските села на управување од нестручни лица на месната заедница, која нема статус на правно лице е недозволено. Легислативата поврзана со водоснабдувањето (Законот за вода и Законот за комунални дејности) пропишува со јавните водоснабдителни објекти да стопанисуваат јавни претпријатија или други правни лица. Во наши услови, рационално и квалитетно решение е ЈПКД „Солидарност“ постепено да го превземе управувањето со јавното водоснабдување на територијата на целата општина, вклучувајќи го и с.Блатец.Поради недоволниот квалитет и повременото нарушување на безбедноста на водата од

некои селски водоводи, во 2024 година ќе се работи на:

- изградба на филтер станици од отворен тип во селата Трсино,Трстија и Крушево;
- поставување на дозир пумпи и фото-електрични панели за перманентно хлорирање на водата во резервоарите без приклучок на струја.
- испитување на исправноста на водата од сите јавни водоснабдителни објекти.

За обезбедување со вода за пиење на населението од населените места што не се поврзани на Градскиот водовод, како и за обезбедување на вода за пиење во вонредни услови, Општина Виница, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, четирипати годишно го следи квалитетот на водата од јавните селски водоводи на селата Градец, Лески, Трсино, Трстија, Драгобраште, Крушево, Пеклани, Лаки, Липец, Истибања, Калиманци и 2 маали во Кршла.

Информации за состојбата со водоснабдувањето и процена на ризик се проследуваат редовно до Советот на општината.

2. Контрола на квалитетот на водата од Градскиот базен

Градскиот базен користи вода за пиење која, поради загадувањето од капачите, дополнително се прочистува и хлорира.

За оценка на исправноста на водата од Градскиот базен за рекреација, во сезоната на употреба, еднаш неделно ќе се зема и испитува по еден примерок вода. Со резултатите ќе се доставува мислење за исправноста и евентуални мерки за подобрување. За овие испитувања ќе се потпише договор помеѓу Општина Виница, или концесионерот и ЈЗУ ЦЈЗ Кочани.

Резултатите од испитувањата и мислењето, во форма на годишна информација, ке бидат разгледани од Советот на општината.

3.Обезбедување на хигиенски услови во производство и промет на храна.

Во согласност со Законот за безбедност на храната. („Сл.весник на РМ бр. 157/2010), ЈЗУ ЦЈЗ Кочани ќе спроведува:

- консултантски услуги за воспоставување и примена на ХАЦЦП систем за контрола на безбедноста на храната;
- здравствени прегледи на вработените лица што работат со храна;
- едукација на вработените за хигиена на храната и заштита на животната средина;
- превентивни ДДД мерки;
- лабораториски испитувања на храна и на брисеви од раце на вработени и површини кои доаѓаат во контакт со храна (садови, прибор за јадење, маси за работа со храна).

Од активностите на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, поврзани со безбедноста на храната, ќе биде изготвена Информација за безбедноста на храната во Општина Виница, а ќе ја разгледува Советот на Општина Виница.

4.Отстранување на цврст отпад и отпадни води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување.

Неправилното отстранување на отпадните материи доведува до појава и ширење на цревни заразни заболувања, особено заразна жолтица тип А. Најзагрозени се децата од ромската населба.

4.1. Отстранување на цврстиот отпад

Организираното отстранување на цврстиот отпад и отпадни води го врши ЈКП „Солидарност” - Виница, во согласност со Законот за управување со отпадот и одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина Виница.

Се до профункционирањето на регионалната депонија, потребно е редовно затрупување на новодепонираниот комунален отпад во близина на с.Лески.

4.2. Отстранување на отпадни води

Политиката на интензивен развој, отсуството на современа технологија и затајувањето на контролата на емисионите стандарди ја ставија на втор план еколошката стратегија низ целиот Брегалнички слив.

Комуналните и идустриски отпадни води од населените места се вливаат директно во реките, што доведува до енормно загадување на водите од р.Осојница и р. Брегалница.

Емисијата на загадувачки материи ги надминува имисионите квалитети (стандарди) на водата од Брегалница и испитуваната притока.

Според содржината на суспендирани материи р.Осојница припаѓа на 5 класа, а р.Брегалница на 4 класа. Актуелните состојби го лимитираат идниот развој на Виница и околните општини, го кочат развојот на стопанските дејности, риболовот е замрен, а водоснабдувањето на населението во Виница и низводно од Виница бара фабрикување на подземните води.

Член 113 од Законот за води („Сл.весник на РМ 87/2008“) и Директивата 91/271/ЕЕЦ ги задолжува општините да ги пречистат урбаните и биолошко разградивите индустриски отпадни води и што произлегуваат од нивното подрачје.

Со имплементацијата на новиот Закон за води ќе заживее еколошкиот принцип“ Загадувачот плака”.

Затоа, во согласност со проектот “Чиста Брегалница” и општина Виница треба да работи на задничкиот проект со општина Кочани за прочистување на комуналните отпадни води од двете општини.

Претпристапните фондови на ЕУ, Швајцарската влада и бројни други донатори на средства за еколошки проекти го помагаат остварувањето на еколошките одредби во спомнатата легислатива и даваат можност Општина Виница да се промовира како еколошко подрачје. Ова налага во 2024 година Општината и ЈКП “Солидарност” да креираат политика на одржлив развој - рационално да ги користат водените ресурси и да дизајнираат системи за пречистување на отпадните води.

Креирање на политики за:

- реализација на идејните решенија за пречистување на отпадните води од Блатец и Трсино, како населби кои гравитираат према р.Осојница,
- раздвојување на атмосверската од фекалната канализација, како услов за порационално пречистување на комуналните отпадни води,
- реализација на задничкиот проект на општините Виница и Кочани за прочистување на комуналните и индустриски отпадни води од двата града и околните села.

5.Обезбедување на хигиено-технички услови пред училишни установи

5.1. Децата од предшколска возраст се ризична популација на заболувања, вклучувајки ги и заразните заболувања. Затоа, во 2024 година, ќе продолжи надзорот над градинките и училиштата од санитарниот инспектор и лекари од Центарот за јавно здравје.

6.Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД)

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, во објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, станици за патнички сообракај, канализации, депонии и друго.

6.1. Превентивна дезинфекција

Јавните установи, ЈКП„Солидарност“ и субјектите кои работат со храна, согласно Законот, на секои 6 месеци ќе вршат превентивна дезинфекција, во соработка со овластена установа.

6.2. Превентивна дезинсекција

6.2.1.Превентивна дезинсекција од летечки и лазечки инсекти ќе спроведуваат во летниот и есенски период сите објекти за храна, со примена на ХАЦЦП мерките на претпазливост.

6.2.2.Актуелната закана од западнонилска треска, која во Грција е ендемски застапена, во 2024 има можност да се пренесе и во Македонија, а како превентивна мерка за спречување на ширењето на ова сериозна болест, како и за заштита од пренесување на маларија и сведување на толерантно ниво на непријатноста од наездата на комарците Општина Виница се предлага да се спроведе најмалку две авионски третирања и 4 теристички прскања со водно растворливиот препарат делтаметрин или соодветно понов инсектицид. Авионското прскање се планира за втората половина на мај и јуни со опфат на најмалку 1 000 хектари. Теристичките прскања ќе се спроведат на крајот на мај, средината на јули, август и септември со опфат од по 200 хектари, во населените места од полскиот и ридскиот дел на општината.

За порационална општа дезинсекција, во втората половина на јуни се планира со авионско третирање на комарците да бидат опфатени и соседните општини: Кочани, Зрновци, Чешиново-Облешево, Македонска Каменица, Карбинци и Штип.

Доколку постои согласност и општините од Малешевско-пијанечкиот крај можат да бидат

опфатени со авионското прскање, планирано за втората половина на јуни.

6.3. Превентивна дератизација

6.3.1.Во врска со член 42 од Законот, Општина Виница ке спроведе општата дератизација, во Февруари и во Ноември 2024 година, со 300 кг. кумарински препарат и тоа:

- Третирање на градската депонија кај с. Лески, со 20 кг. на кумарински мамци и
- Третирање на канализационите системи во Виница, Блатец, Истибања, Јакимово и Градец, со130 кг на кумарински мамци.

6.3.2.Согласно Законот за заштита од заразни болести и Законот за безбедност на храната, правните лица кои работат со храна ќе спроведуваат континуирана дератизација, за да ја заштитат храната од загадување.

7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ке се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ШТО ЌЕ ГИ ФИНАНСИРА ОПШТИНАТА

1.2. Следење на безбедноста на водите за пиење од селските водоводи на Градец, Лески, Трсино, Трстија, Драгобраште, Крушево, Пеклани, Лаки, Липец, Истибања, Калиманции, 2 маали во Кршла (12х4 мостри = 48) 48мостри * 2 000ден. = 96 000 ден.

6.2.2. Третирање на комарци во Општина Виница

Авионско третирање на комарци во Општина Виница = 640 000 ден.

Четири теристички третирања на комарци во населените места = 320 000 ден.

6.3.1.Општа дератизација на градската депонија и канализациите во Виница, Блатец, Градец, Истибања и Јакимово 300 кг. препарат * 600 ден = 180.000 ден.

Вид на активности	Цена по активност во денари
Води за пиење	96 000
Општа дератизација	180 000
Уништување на комарци	960 000
ВКУПНО	**1.236.000**

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1113
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

388

ЕЛАБОРАТ

Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинсекција во 2024 год.

Потребата од извршување на континуирана дезинсекција се заснова поради постоење на заболувања кои се пренесуваат преку вектори. Пренесувањето на инфективните заболувања зависи од повеќе фактори, вклучувајќи и климатски и еколошки елементи. Веќе е широко прифатено дека климатските промени ќе влијаат на ширењето на инфективните болести во Европа, што во поголемиот број на случаи ќе предизвика и соочувања со нови ризици по јавното здравје. Векторите кои пренесуваат болести (пр.комарци, песочни муви и крлежи) се високо осетливи на климатските услови, вклучувајќи температура и влажност, и ќе настојуваат да ја променат својата географска дистрибуција, потенцијално распространувајќи се во региони во кои што предходно не се појавиле. Меѓу болестите што се пренесуваат преку вектори и се чувствителни на климатските промени има такви, кои веќе се присутни во РМакедонија (како лајмската болест, треската од западен Нил).Следниве болести што сепренесуваат преку вектори се индетификуваат како можна закана од примарна важност за Р.Македонија во однос на климатските промени:

Конго-кримска хеморагична треска- ширењето на болеста им се препишува на благите зими како и прекинувањето на земјоделските активности, при што двете причини доведоа до

зголемување на популацијата на крлежи. Затоа и во РМакедонија треба да се очекуваат инфекции. Се смета дека во РМакедонија веќе се присутни одредени силни вектори (H.maginatumrufipes). Ова заболување воР.Македонија се регистрира

во седумдесетите години на минатиот век во епидемиска форма, со 13 заболени лица и неколку смртни исходи во с.Чифлик,Тетово.

Треска од зайаден Нил **(**ЊНФ)- вирусот западен Нил е арбовирус од родот Флавивирус во фамилијата Флавивиридае.Вирусот западен Нил примарно се пренесува преку комарци. Особено важен вектор се комарците од родот Кулекс.

Птиците се примарен (главен резервоар) домаќин на вирусот западен Нил кај рбетниците (вертебрати).Човекот се инфицира преку каснување од комарец,но има и пример на случаи кај кои инфекцијата настанала после контакт со инфицирани птици или ткива од инфицирани алигатори.

Регистрирана е епидемија меѓу работници на фарма на мисирки која настанала како резултат на фекооралната трансмисија, експозиција на оштетена кожа или мукозни мембрани на вирусот или експозиција на аеросоли на вирусот. Човекот не ги расејува вирусите западен Нил во секретите или екстретите, но вирусот може да се пренесе преку трансфузија на крв и кај лицата со извршена трансплантација на органи. Пренесувањето од човек на човек не е можно по случаен контакт, меѓутоа вирусот западен Нил може да се пренесе преку трансфузија и трансплатација на органи од лица без клинички знаци. Повремено се регистрираат и ретки случаи на трансплацентарна трансмисија и веројатна трансмисија преку цицање млеко.

Епидемиологија- веројатноста за развивање на невроинвазивна болест е поголема кај лица со старосна возраст над 50 години и кај пациенти со намален имунитет. Пациентите заболени од енцефалитис генерално се постари од оние пациенти кај кои се развива менингит или флакцидна парализа. Пациентите со пресадени органи преставуваат ранлива група за развивање на невроинвазивна болест: еднаш инфицирани, шансите за развој на оваа болест кај нив изнесува 40 %. Примарните болести како диабетес и автоимуни болести се асоцирани со неколку клинички форми од оваа болест.

Клиничка слика-инкубацијата изнесува 2-14 дена. Болеста најчесто поминува без симптоми (асимптомна / инапарентна). Кај човекот, манифестните форми на болеста се јавуваат во две клинички форми: западен Нил која што е релативно лесна и личи на грип и невроинвазивна којашто ги опфаќи сите случаи со невролошки знаци. Треската западен Нил е најчеста форма на болеста, која се карактеризира со температура, изнемоштеност, слабост, главоболки и болки по целото тело.Можат да се јават и анорексија, лимфаденопатија, гадење, дијареа, повраќање, гушоболки и коњуктивитис. Повремено на вратот ,трупот ,рацете или нозете, може да се појави еритематозен, непруричен, макулозен, папулозен или мобилиформен исип на кожата. Најголем број на некомплицирани инфекции завршува со излекување во тек на 2-6 дена, додека кај потешките случаи е можна пролонгирана исцрпност која трае повеќе од еден месец.

Чикунгунија-се шири преку каснување од комарци од видот Аедес, пред се од страна на „тигрестиот комарец„ кој е ендемичен во РАлбанија. Постои мислење дека РМакедонија е под ризик од населување на тигрестиот комарец и од појавата на болеста чикунгунија иако до сега нема пријавени случаи на ова заболување воРМакедонија. Согласно спроведеното истражување за присуство на „тигрестиот комарец„ во РМакедонија во 2010 година не е утврдено присуство на истиот.

Лајмска борелиоза (Lyme Borreliosis), енцефалит што се пренесува преку крлежи најпревалентна болест што се пренесува преку крлежи во Европа и е ендемична во Р.Македонија.Благите зими можат да го зголемат изобилството на крлежи и да го зголемат ризикот од инфекции. Енцефалитот што се пренесува преку крлежи, за разлика од лајмската болест е вирусно заболување што може да се превенира со вакцина и се смета за ендемско во балканскиот регион. Како и ЛБ,ТБЕ го пренесува Ixodes ricinus крлежите, кои се присутни во сите региони на Европа. Поединечни случаи на ова заболување, со соодветна клиничка манифестација и типични знаци се лекувани

на Инфективната клиника, и се пријавуваат како поединечни случаи во релативно мал број.

***Маларија*-**и покрај неколкуте симулации, кои предвидоа потенцијално зголемување на маларијата во Европа, постои концензус, дека ризикот е многу низок, со оглед на сегашните социоекономски услови. Република Македонија е сертифицирана земја без маларија од 1973 година, од страна на СЗО. Во периодот од 1974-2010 год. сите регистрирани случаи на маларија се импортирани од државата, најчесто од африканските земји, при што годишно се пријавуваат од 1-2 случи. ***Денга*-**во моментов, ризикот од локално пренесување на болеста денга во Европа е низок. Повторната појава на болеста зависи од евентуалното повторно внесување во Европа на главниот вектор-комарецот Аедес аегупти. Сепак, Аедес албопицтус,кој веќе не ендемичен во Албанија и Италија и други европски земји, исто така, е способен да пренесува денга и ги предизвика првите случаи на денга треска во Франција,во септември, 2010 година. Досега нема пријавени случаи на денга-треска во РМакедонија.

***Рикеција конори*-(Rickettsia conori)-**во една студија од 2003 година, овој патоген организам, кој го предизвикува медитеранскиот цереброспинален менингит (МСФ) беше најден кај видови крлежи, кои не се од фамилијата Иксодес во Албанија и Турција. Резултатите од оваа студија покажуваат дека рикеција конори (R.Conori) би можел да биде ендемичен во регионот на Балканот.

Состојба со комарци во Р.Македонија:

Врз основа на **Извештај од анализите за присуство на тигресткомарец (Aedes albopictus) во Р.Македонија** кој датира од **декември 2010год**.(понови податоци немаме), направен од страна на Институт за биологија при ПМФ, Фармацевтски Факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје со финансиска подршка на Светска здравствена организација, **видот Aedes albopictus не е утврден во Р.Македонија.** Иако не е утврдено неговото присуство потребен е мониторинг со цел негово навремено откривање.

Присуство на вирусот на Западен Нил (ЗНВ) кај луѓето во Р.Македонија:

Во Р.Македонија во септември 2012 год. регистрирани се 6 случаи
на инфекции со вирусот на Западен Нил (ЗНВ), од кои три завршиле со смртен исход (висок леталитет 50%).Четири од овие лица биле со тешка неуроинвазивна форма на болеста (енцепхалитис, менингитис). Сите заболени се лабораториски потврдени во ВирусолоШката лабораторијана ИЈЗ-Скопје. Тројца од заболените се од Скопје, по еден од Крушево, Битола и Куманово.

Секако дека превентивното прскање против комарци ке биде ефикасна заштита и против ЗИКА вирусот кој исто така е векторпреносliва болест и ја пренесуваат комарците

ИНТЕР-СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА

За да биде состојбата под контрола, потребна е соработка и координирани активности меѓу следните институции во нашиот регион:

- ЈЗУ-ЦЈЗ-Кочани
- Општа болница- Кочани;
- Локална самоуправа(осум општини во нашиот регион);
- ЦУК- Виница;
- Ветеринарни служби;
- Невладини организации

ТЕРЕНСКИ И ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

1. Од страна на ЈЗУ ЦЈЗ- Кочани писмено се известени сите општини од нашиот регион да извршат мапирање на сите стоечки води и бари до крајот на март, согласно Акциониот план;
2. Заради поголема ефекасност и поуспешна дезинсекција се препорачува извршување на комбинирана ларвицидна и адултицидна дезинсекција. Ларвицидната дезинсекција подразбира уништување на комарците кога се во фаза на ларви, во рана пролет, а адултицидната е уништување на возрасните комарци и се изведува од мај до август, по потреба и во септември. Адултицидната може да се прави теристички (од земја) или/и
3.

авионски. НајуспеШно е комбинирано третирање.

4. Препорака за дезинсекционо средство - еколоШки и одобрен од Биро за лекови;
5. Финансиска конструкција за ДДД средства е дадена во Програмата за заШтита од заразни заболувања за 2024 год;
6. ЦЈЗ-Кочани изготви и има во доволни количини едукативен материал/флаери за населението и здравствените работници.

Број 09-1113
25.12.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __

388

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Буџет на Општина Виница за 2024 година

1.Се објавува Буџетот на Општина Виница за 2024 година, донесен на 26-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 25.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1114/2
25.12.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002) , член 21 точка 4 од Статутот на ЕЛС Виница („ Сл.гласник на ЕЛС Виница“ бр.8/2010 и 12/2014) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 , 209/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.244/19,53/21, 77/21,150/21 и 173/22)) Советот на Општина Виница на 26-та седница одржана на ден 25.12.2023 година донесе :

Б У Ц Е Т
НА ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

1.Општ дел

член 1

Буџетот на Општина Виница за 2024 година се состои од :

I.ВКУПНИ ПРИХОДИ	**357.733.000**
Даночни приходи	50.824.000
Неданочни приходи	10.661.000
Капитални приходи	9.968.000
Приходи од дотации	243.162.000
Трансфери	42.665.000
Приходи од донации	453.000
II.ВКУПНИ РАСХОДИ	**357.982.000**
Од утврдени намени	357.682.000
Резерви	300.000
III.ДЕФИЦИТ	**-249.000**
IV.ФИНАНСИРАЊЕ	**249.000**
Прилив	**5.481.000**
Домашни приливи	0
Приливи од странски заем	0
Депозит	5.481.000
Одлив	**5.232.000**
Отплата на главница	5.232.000

член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Ниво на: ПОТСТАВКА

		362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**
Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 2024					
			Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	Вкупни приходи
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**51.129.000**	**50.824.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.824.000**
711	**Данок од доход, од добивка и од капитални добивки**	**6.330.000**	**6.650.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**6.650.000**
711111	Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон	1.150.000	1.200.000	0	0	0	0	1.200.000
711112	Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот	4.550.000	4.800.000	0	0	0	0	4.800.000
711114	Данок на плати остварени во странство	10.000	10.000	0	0	0	0	10.000
711133	Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност	240.000	240.000	0	0	0	0	240.000
711139	Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход	380.000	400.000	0	0	0	0	400.000
713	**Даноци на имот**	**10.000.000**	**13.350.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**13.350.000**
713111	Данок на имот од физицки лица	3.000.000	6.000.000	0	0	0	0	6.000.000
713113	Данок на имот од правни лица	2.500.000	3.000.000	0	0	0	0	3.000.000
713211	Данок на наследство и подарок	1.000.000	850.000	0	0	0	0	850.000
713311	Данок на промет на недвижности	3.500.000	3.500.000	0	0	0	0	3.500.000
717	**Даноци на специфични услуги**	**30.160.000**	**26.700.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**26.700.000**
717111	Комунална Такса за привремен престој	110.000	110.000	0	0	0	0	110.000
717112	Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија	2.000.000	1.800.000	0	0	0	0	1.800.000
717115	Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата	1.500.000	1.500.000	0	0	0	0	1.500.000
717116	Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление	17.200.000	17.400.000	0	0	0	0	17.400.000
717131	Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност	850.000	850.000	0	0	0	0	850.000
717132	Комунална Такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места	0	40.000	0	0	0	0	40.000
717137	Надомест за уредување на градежно земјиште	8.500.000	5.000.000	0	0	0	0	5.000.000
718	**Такси на користење или дозволи за вршење на дејност**	**4.639.000**	**4.124.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**4.124.000**
718117	Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор	77.000	77.000	0	0	0	0	77.000
718134	Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје	62.000	47.000	0	0	0	0	47.000
718140	Надомест за одржување на јавна чистота	4.500.000	4.000.000	0	0	0	0	4.000.000

БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Ниво на: ПОТСТАВКА

		362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**
Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 0					
			Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	Вкупни приходи
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**12.518.000**	**1.890.000**	**8.771.000**	**0**	**0**	**0**	**10.661.000**
722	**Глоби, судски и административни такси**	**750.000**	**390.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**390.000**
722315	Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината	400.000	40.000	0	0	0	0	40.000
722316	Други локални Такси	350.000	350.000	0	0	0	0	350.000
723	**Такси и надоместоци**	**9.778.000**	**1.000.000**	**8.726.000**	**0**	**0**	**0**	**9.726.000**
723012	Такси за запишување	120.000	0	120.000	0	0	0	120.000
723013	Такса за испити	120.000	0	120.000	0	0	0	120.000
723111	целодневна и претшколска грижа	5.500.000	0	5.500.000	0	0	0	5.500.000
723119	Други помошни активности во образованието	725.000	0	690.000	0	0	0	690.000
723220	Приходи од продажба на други производи	284.000	0	321.000	0	0	0	321.000
723411	Членарини во институции во областа на културата	398.000	0	540.000	0	0	0	540.000
723412	Приходи од билети за културни манифестации	331.000	0	335.000	0	0	0	335.000
723519	Други прехранбени Услоги	1.100.000	0	1.100.000	0	0	0	1.100.000
723914	Приходи од закупнина на општински имот	1.200.000	1.000.000	0	0	0	0	1.000.000
725	**Други неданочни приходи**	**1.990.000**	**500.000**	**45.000**	**0**	**0**	**0**	**545.000**
725939	Останати неданочни Приходи	1.590.000	100.000	45.000	0	0	0	145.000
725943	2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните	400.000	400.000	0	0	0	0	400.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**10.643.000**	**9.968.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**9.968.000**
733	**Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања**	**10.643.000**	**9.968.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**9.968.000**
733111	Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија	5.750.000	5.000.000	0	0	0	0	5.000.000
733115	Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата	1.000.000	1.000.000	0	0	0	0	1.000.000
733118	Надомест за детални геолошки истражувања	3.000	2.000	0	0	0	0	2.000
733119	Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор)	270.000	150.000	0	0	0	0	150.000
733120	Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина)	1.400.000	1.400.000	0	0	0	0	1.400.000
733131	Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште	4.000	1.000	0	0	0	0	1.000
733144	Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти	2.000.000	2.200.000	0	0	0	0	2.200.000
733145	Надомест за Издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправен објект или оранжерија изграден на земјоделско земјиште	16.000	15.000	0	0	0	0	15.000

БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Ниво на: ПОТСТАВКА

		362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**
Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 0					
			Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	Вкупни приходи
733147	Надомест за концесии за користење на вода за производство на електрична енергија	200.000	200.000	0	0	0	0	200.000
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**288.497.000**	**43.919.000**	**3.590.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**291.761.000**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**286.535.000**	**43.919.000**	**3.590.000**	**243.662.000**	**137.000**	**0**	**291.308.000**
741112	Трансфери од буџетот на рм	3.791.000	2.537.000	0	0	0	0	2.537.000
741113	Трансфери од буџетите на фондовите	3.347.000	3.347.000	0	0	0	0	3.347.000
741114	Пренесен вишок на Приходи од претходната година	14.385.000	1.254.000	3.590.000	500.000	137.000	0	5.481.000
741115	Дотации на општината, од Приходи од ддв	33.522.000	36.781.000	0	0	0	0	36.781.000
741119	Наменска дотација на општината за активности од пожарникарство	6.499.000	0	0	6.737.000	0	0	6.737.000
741120	Блок дотации на општината по одделни намени	224.991.000	0	0	236.425.000	0	0	236.425.000
742	**Донации од странство**	**1.962.000**	**0**	**0**	**0**	**453.000**	**0**	**453.000**
742111	Приходи од обединетите нации	560.000	0	0	0	275.000	0	275.000
742114	Приходи од европската унија	1.402.000	0	0	0	178.000	0	178.000

БИЛАНС НА РАСХОДИ
Ниво на: Потставка

	362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**

Категорија Ставка Потставка О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 2024					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**236.828.000**	**46.754.000**	**0**	**213.238.000**	**0**	**0**	**259.992.000**
401 Основни плати	**164.559.000**	**31.312.000**	**0**	**150.443.000**	**0**	**0**	**181.755.000**
401110 Основни плати -функционери	1.090.000	1.265.000	0	0	0	0	1.265.000
401120 Основни плати - државни службеници	15.500.000	17.000.000	0	0	0	0	17.000.000
401130 Основни плати - други вработени	133.555.000	9.508.000	0	137.304.000	0	0	146.812.000
401210 Плата за прекувремена работа	445.000	165.000	0	353.000	0	0	518.000
401220 Плата за време на празници	246.500	120.000	0	176.000	0	0	296.000
401230 Плата за работа во ноќна смена	432.000	180.000	0	321.000	0	0	501.000
401240 Плата за дежурства	169.500	70.000	0	127.000	0	0	197.000
401290 Други додатоци на плата	495.500	240.000	0	368.000	0	0	608.000
401310 Персонален данок на доход од плата	12.273.500	2.444.000	0	11.376.000	0	0	13.820.000
401320 Персонален данок на доход од надоместоци	352.000	320.000	0	418.000	0	0	738.000
402 Придонеси за социјално осигурување	**64.565.000**	**12.392.000**	**0**	**59.063.000**	**0**	**0**	**71.455.000**
402110 Основни придонеси за ПИО	42.829.000	8.157.000	0	39.609.000	0	0	47.766.000
402120 Придонес за бенифициран стаж	417.000	180.000	0	311.000	0	0	491.000
402210 Основни придонеси за здравство	17.193.500	3.290.000	0	15.495.000	0	0	18.785.000
402220 Основен придонес за професионално заболување	1.245.500	229.000	0	1.078.000	0	0	1.307.000
402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување	2.880.000	536.000	0	2.570.000	0	0	3.106.000
404 Надоместоци	**7.704.000**	**3.050.000**	**0**	**3.732.000**	**0**	**0**	**6.782.000**
404110 Надомест за годишен одмор	4.593.000	0	0	3.732.000	0	0	3.732.000
404120 Надомест за теренска работа	0	100.000	0	0	0	0	100.000
404150 Други надоместоци	3.111.000	2.950.000	0	0	0	0	2.950.000
41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ	**500.000**	**300.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**300.000**
412 Постојана резерва (непредвидливи расходи)	**50.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
412110 Постојана резерва (непредвидливи расходи)	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
413 Тековни резерви (разновидни расходи)	**450.000**	**250.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**250.000**
413110 Тековни резерви (разновидни расходи)	450.000	250.000	0	0	0	0	250.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**82.056.000**	**20.645.000**	**11.703.000**	**28.232.000**	**590.000**	**0**	**61.170.000**
420 Патни и дневни расходи	**809.500**	**195.000**	**305.000**	**10.000**	**0**	**0**	**510.000**
420110 Патување во земјата - хранарина (дневница)	90.000	35.000	55.000	10.000	0	0	100.000
420120 Патување во земјата - патни расходи	100.000	0	100.000	0	0	0	100.000
420130 Патување во земјата - сместување	25.000	25.000	30.000	0	0	0	55.000

БИЛАНС НА РАСХОДИ
Ниво на: Потставка

		362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**
Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 0 Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
420140	Патување во земјата - споредни расходи	44.000	40.000	0	0	0	0	40.000
420210	Патување во странство - хранарина (дневница)	80.500	25.000	60.000	0	0	0	85.000
420220	Патување во странство - патни расходи	170.000	0	0	0	0	0	0
420230	Патување во странство - сместување	240.000	10.000	60.000	0	0	0	70.000
420240	Патување во странство - споредни расходи	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
421	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**25.495.000**	**7.891.000**	**303.000**	**12.733.000**	**0**	**0**	**20.927.000**
421110	Електрична енергија	11.074.000	5.700.000	55.000	2.505.000	0	0	8.260.000
421120	Водовод и канализација	3.780.000	250.000	30.000	3.305.000	0	0	3.585.000
421190	Други комунални такси и услуги	15.000	0	0	15.000	0	0	15.000
421220	Дрва	4.513.000	150.000	0	3.230.000	0	0	3.380.000
421240	Течни горива	1.990.000	60.000	0	1.829.000	0	0	1.889.000
421290	Други материјали за греење	900.000	0	0	900.000	0	0	900.000
421310	Пошта	131.000	61.000	13.000	33.000	0	0	107.000
421320	Телефон и телефакс	1.396.000	746.000	90.000	505.000	0	0	1.341.000
421390	Други трошоци за комуникација	161.000	5.000	0	156.000	0	0	161.000
421410	Горива и масла (моторни возила)	1.215.000	719.000	70.000	215.000	0	0	1.004.000
421420	Регистрација на моторни возила	140.000	100.000	20.000	10.000	0	0	130.000
421440	Транспорт на луѓе	180.000	100.000	25.000	30.000	0	0	155.000
423	**Материјали и ситен инвентар**	**11.654.000**	**925.000**	**6.065.000**	**3.109.000**	**0**	**0**	**10.099.000**
423110	Канцелариски материјали	772.000	120.000	100.000	340.000	0	0	560.000
423120	Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработени	171.000	60.000	43.000	48.000	0	0	151.000
423190	Други административни материјали	40.000	0	30.000	30.000	0	0	60.000
423210	Материјали за АОП	150.000	100.000	0	0	0	0	100.000
423310	Униформи	178.000	80.000	0	850.000	0	0	930.000
423320	Обувки	177.000	10.000	0	10.000	0	0	20.000
423330	Постелнина	60.000	0	20.000	0	0	0	20.000
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	6.625.000	155.000	5.117.000	200.000	0	0	5.472.000
423510	Лекови	17.000	0	10.000	11.000	0	0	21.000
423610	Наставно-образовни помагала	860.000	0	40.000	395.000	0	0	435.000
423620	Училишни материјали	206.000	0	30.000	145.000	0	0	175.000
423710	Средства за одржување на хигиена	842.000	65.000	435.000	300.000	0	0	800.000
423720	Материјали за разни поправки	397.000	20.000	55.000	275.000	0	0	350.000

БИЛАНС НА РАСХОДИ
Ниво на: Потставка

		362.787.000	**106.601.000**	**12.361.000**	**243.662.000**	**590.000**	**0**	**363.214.000**
Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т 0 Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
423810	Ситен инвентар	279.000	55.000	45.000	230.000	0	0	330.000
423910	Други материјали за специјална намена	135.000	60.000	10.000	0	0	0	70.000
423990	Други материјали	745.000	200.000	130.000	275.000	0	0	605.000
424	**Поправки и тековно одржување**	**20.839.000**	**3.143.000**	**1.752.000**	**4.396.000**	**315.000**	**0**	**9.606.000**
424110	Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува¼ резервни делови, г	420.000	380.000	30.000	20.000	0	0	430.000
424210	Одржување на згради	12.194.000	60.000	1.420.000	3.267.000	315.000	0	5.062.000
424220	Услуги за обезбедување на објекти	337.000	0	0	327.000	0	0	327.000
424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	594.000	500.000	10.000	69.000	0	0	579.000
424320	Одржување на автопати, улици и патишта	422.000	50.000	0	0	0	0	50.000
424390	Одржување на други градби	2.243.000	1.343.000	0	0	0	0	1.343.000
424410	Поправки и одржување на мебел	364.000	0	35.000	140.000	0	0	175.000
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	671.000	111.000	100.000	331.000	0	0	542.000
424430	Поправки и одржување на машини	110.000	0	60.000	30.000	0	0	90.000
424440	Поправки и одржување на друга опрема	429.000	49.000	74.000	155.000	0	0	278.000
424510	Одржување на зелени површини околу згради	69.000	20.000	20.000	20.000	0	0	60.000
424590	Одржување на други зелени површини	2.986.000	630.000	3.000	37.000	0	0	670.000
425	**Договорни услуги**	**11.570.500**	**3.129.000**	**862.000**	**5.494.000**	**275.000**	**0**	**9.760.000**
425210	Провизија за платен промет	12.000	0	0	0	0	0	0
425220	Банкарска провизија	3.000	2.000	0	0	0	0	2.000
425230	Осигурување на вработени (несреќи, живот)	65.000	65.000	0	0	0	0	65.000
425240	Осигурување за повреда и инвалидитет	77.000	0	0	0	0	0	0
425250	Осигурување на недвижности и права	180.000	7.000	60.000	150.000	0	0	217.000
425260	Осигурување на моторни возила	20.000	10.000	20.000	0	0	0	30.000
425290	Други финансиски услуги	15.000	60.000	10.000	0	0	0	70.000
